**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 08-201/1
од 26.01 2021год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

# ОДЛУКА
## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 2, БЛОК, 2.11, КО ПРИЛЕП, ОПШТИНА ПРИЛЕП

**член 1**

Се организира јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 2, БЛОК, 2.11, КО ПРИЛЕП, ОПШТИНА ПРИЛЕП.
Опфатот се наоѓа во централниот дел од градежниот реон во Прилеп и истиот се граничи од северо запад со осовина на ул. “Круме Волнароски“, од југо исток со ул. “Мице Козароски - Јандре“, од југо запад со ул. “Прилепски бранители“, од северо запад со ново планираната ул. “Пецо Крстески Даскалот“. Опфатот е на просечна надморска восина од 654м до 658м, со благ пад од север кон југ од околу 1% што е поволно за решавање на комунална инфраструктура. Поточно највисоката висинска кота е на североисточната страна на самата раскрсница, која е со надморска висина од 658,61м, на спојот на ул. “Пецо Крстески Даскалот“ со ул. “Круме Волнароски“, додека најниската е на 654.48 која е на самата раскрсницана помеѓу ул. “Прилепски бранители“ и ул. “Мице Козароски - Јандре“. Опфатот е со скоро правоаголна форма, со мало искршување на северо западната страна по улицата „Пецо Крстески Даскалот“, така што од северозападната страна опфатот по должина на улицата „Пецо Крстески Даскалот“ е со должина од 275м, од северо источна страна по ул. Круме Волнароски“ е со должина од 292м, од југоисточната страна по ул. “Мице Козароски Јандре“ е со должина од 173м, додека од југо зпадна страна по ул. „Прилепски Бранители“ е со должина од 344м. Вака дефинираниот опфат има површина од 58509 м2, односно 5,85 ха, кој е потврден и со податокот од Изводот од ГУП .
Во рамките на блокот за детално планирање се потврдува дека се застапени класите на намени и тоа:
А – Домување
А1-домување во станбени куќи
А2-домување во станбени згради
В – Јавни институции
В1 – Образование и наука
В2 - Здравство и социјална заштита
Д – Зеленило и рекреација
Д1 – Парковско зеленило
Е – Инфраструктура
Е1 – Комунална инфраструктура
Е2 – Комунална супраструктура и други инфраструктурни содржини и градби.

**член2**

Јавна анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 2, БЛОК, 2.11, КО ПРИЛЕП, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 04.02.2021г. до 17.02.2021г. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот..

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12.02.2021 година, четврток, во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**член 3**

За организирањето на **јавната презентација и јавната анкета** по Предлог Деталниот урбанистички план ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп